Република Северна Македонија
Општина Новаци
Бр. 14-95/3
31.01.2022 год
Новаци

# З А П И С Н И К

Од одржаната 5-та седница на Советот на Општина Новаци одржана на ден 31-01-2022 година со почеток во 12,00 часот во просториите на општинската зграда во Новаци.

На седницата присуствуваа следните членови н Совет от на општина Новаци:

Славица Најдовска-Стојковска, Горан Велјановски,.Николче Димовски, Дојчиновски Пецо, Александар Канзуровски, Љупчо Петровски, Наумче Смилевски,Иванчо Котевски и Сузана Јовановска

На седницата присутен е градоначалник на општина Новаци г. Стевче Стефановски

Присутни вработени:Стевче Ангелевски-секретар на општина Новаци,Оливера Димитровска-раководител на оделение, Летка Јовановска раководител,

## *Д н е в е н р е д*

1. Одлука за усвојување на Квартален извештај за периодот 01-01-2021 до 31-12-2021 година
2. Годишен План за јавни набавки за 2022 година
3. Извештај за искористени средства за Културно-забавно лето Новаци 2021.
4. Одлука за отпочнување на посапка за донесување за Урбанистичко планска документација за селата Новаци, Рибарци, Живојно, Будимерци, Гермијан и Градешница.
5. Одлука за отпочнување на постапка за донесување УПВНМ за изградба на објекти со намена Г2 во КО Новаци-вон град.
6. Предлог членови во Комисија за утврдување на штети од земјотресот од 09-01-2022 година- Бежановски Благојче, Христовскожи Борис, Велјановски Петар , Масалковски Христијан и Николовски Благојче.
7 Барање од ЗФК,,Новаци-2005,, Новаци

Предлкожениот дневен ред со дополнувањето ЕДНОГЛАСНО е усвоен.

**ПРВА ТОЧКА: Одлука за усвојување на Квартален извештај за периодот 01-01-2021 до 31-12-2021 година**

По однос на првата точка од дневниот ред образложение даде Ракодоводителоот на одделението за финасиски прашања при Општина при што истакна дека, дека извештајот е доставен до сите и ножите да го видите билансот на приходи и расходи и ова е последниот квартал од претходната и податоците всушност ќе бидат и истите во Завршната сметка. Имаме добро остварување на Буџетот од околу 70%, а износот на билансот на приходи и расходи можите и сами да го видите.

По кратка дискусија и забелешки Советот едногласно донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ТРОМЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА НА БУЏЕТОТ**
**Општина Новаци периодот 01.01.2021 до 31.12.2021 година**

**ВТОРА ТОЧКА: Годишен План за јавни набавки за 2022 година**

Појаснување по оваа точка од дневниот ред даде Филип Радевски, советник по јавни набавки во општина Новаци, кој нагласи дека ова е редовна законска процедура секоја година, а во доставениот Предлог План има една измаена и треба да се додаде и ЈН за изработка на Стратегија за ЛЕР.

По дискусујата Советот едногласно донесе

Врз основа на член 75 од Законот за јавни набавки (Службен весник на Република Северна Македонија бр 24/2019 и член 94 од Статутот на општина Новаци (Службен гласник на општина Новаци бр.7/2019), Советот на општина Новаци на Седницата одрЃана на ден 31-01-2022 година донесе

**ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ НА ОПШТИНА НОВАЦИ 2022 ГОДИНА**

**ТРЕТА ТОЧКА: Извештај за искористени средства за Културно-забавно лето Новаци 2021 година**

По оваа точка од деневниот ред воведно излагаање имаше Стојановски Благојче, кој како организатор на Културно-забавно лето Новаци 2021 година, на увид ви е доставена целокупната документација за начинот на користење на средствата, со комплетен финасиски извештај поткрепен со сметки за исплата, фотографии. Средствата се целосно искористени и за се има покритие со финансиска документација

По дискусијата се констатира дека докментацијата не е доволно јасна и треба подолго време истата да се разгледа и по гласањето со 3 гласови за и 6 воздржани Извештајот не се усвои и се донесе Заклучок истиот дополнително да се разгледа и да се стави на усвојување на една од наредните седници на Советот на општина Новаци

**ЧЕТВРТА ТОЧКА: Одлука за отпочнување на посапка за донесување за Урбанистичко планска документација за селата Новаци, Рибарци, Живојно, Будимерци, Гермијан и Градешница**

Во дискусијата по оваа точка од дневниот ред беше потенцирана неопходноста од донесување на овие одлуки како предуслов за понатамочна изработка на урбанистичка документација за населените места во општина Новаци

По кратка дискусија Советот едногласно донесе:

4/1.

О Д Л У К А

За отпочнување на постапка за донесување на Урбанистички план за село Будимирци

4/2.

О Д Л У К А

За отпочнување на постапка за донесување на Урбанистички план за село Новаци

4/3.

О Д Л У К А

За отпочнување на постапка за донесување на Урбанистички план за село Рибарци

4/4.

О Д Л У К А

За отпочнување на постапка за донесување на Урбанистички план за село Живојно

4/5.

О Д Л У К А

За отпочнување на постапка за донесување на Урбанистички план за село Гермијан

4/6.

О Д Л У К А

За отпочнување на постапка за донесување на Урбанистички план за село Градешница

**ПЕТТА ТОЧКА: Одлука за отпочнување на постапка за донесување УПВНМ за изградба на објекти со намена Г2 во КО Новаци-вон град**

И за оваа точка од дневнио ред беше појаснато дека се работи за одлука од сверата на изработка на урбанистичка документација, комкретно како дел од активностите за изградба на индустриска зона во с.Новаци.

Советот едногласно донесе

О Д Л У К А

**За отпочнување на постапка за донесување на Урбанистички план вон населено место за изградба на објекти со намена Г2-лесна преработувачка и помалку загадувачка индустрија, КО Новаци-вон град, Општина Новаци**

**ШЕСТА ТОЧКА: Предлог членови во Комисија за утврдување на штети од земјотресот од 09-01-2022 година- Бежановски Благојче, Христовскожи Борис, Велјановски Петар , Масалковски Христијан и Николовски Благојче**

Од страна на градоначалникот на општина Новаци доставен е предлог за формирање на Комисија за проценка на штети предизвикани од земјотресот од 09-01-202 година на имотот на жителите од општина.

Од страна на Велјановски Горан член на Советот беше предложена една измена во персоналниот состав на Комисијата и тоа на местото на Велјановски Петар го предлага Петровски Благоја.

По дискусијата едногласно се донесе следната

# О Д Л У К А

За формирање на комисија за утврдување на штета од земјотрес и
Именување на членови членови на Комисијата

Член 1

Се формира Комисија за утврдување на штети од земјотресот што ја зафати општина Новаци на ден на 09-01-2022 година (Комисија).

Мандатот на Комисијата е:

- Да ги разгледа пристигнатите барања за утврдување на штета од земјотресот;
- Изврши увид на лице место и направи записник и документирање на причинетите штети;
- Изврши поединечна проценка на обемот на причинетите штети;
- Состави конечен извештај за обемот на штетите и истиот го достави до Советот на општина Новаци.

Член 2

За членови на Комисијата е именуваат;

1. Бежановски Благојче за Претседател
2. Христовски Борис за член,
3. Петровски Благија за член,
4. Масалковски Христијан за член и
5. Николовски Благојче за член.

**СЕДМА ТОЧКА:** Барање од ЗФК„Новаци-2005„ Новаци-финансиски средсва

По однос на ова точка од дневниот ред се водеше подолготрајна дискусија помеѓу членовите на Советот, градоначалникот и претставник од ФК Новаци

Котевски Иванчо покрај другото истакна дека точно е дека треба да се работи подомаќински и да се води поголема контрола, но со делењето на исплатата на фидбалерите на ½ ништо нема да се постигне.

Градоначалникот вклучувајќи се во дискусијата истакна дека за Клубот се трошат премногу пари за натпреварување во 3-та лига и очигледно се прават злоупотреби. Мора да се застане на ова недомаќинско работење. Во август минатаат година префрлени се 500.000,,00 мкд и не се знае на кој и зошто се исплатени: Во иднина не божи вака, мора да се води сметка за секој денар

Вклучувајќи се во дискусијата Претседателот на Советот Славица Најдовска Стојковска истакна дека на клубот мора да му се помогне, но не да се трошат пари за се и сешто. За почеток да им се исплати на фудбалерите и си зеде сама обврска во најкраток рок да разговара со фудбалерите.

По дискусијата со 8 гласови за се донесе

**О Д Л У К А**

За одобрување на финансиски средства на ЗФК„Новаци-2005„ Новаци
за натпреварување во Трета Македонска фудбалска лига-југозапад-Пролет 2022

**Член 1**

**СЕ ОДОБРУВААТ** финансиски средства во износ од **140.000,00 денари** на ЗФК „Новаци-2005„ Новаци, за натпреварување во Трета Македонска фудбалска лига-југозапад.

Записничар
Стевче Ангелевски

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска